**20251433164**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 5, а во врска со член 33 став (3) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 153/19, 92/21, 222/24 и 59/25), директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 8.7.2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈНИСКАТА ВИСИНА НА ЕДНОКРАТНИОТ НАДОМЕСТОК И НАЧИНОТ НА НЕГОВОТО ПЛАЌАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ ОД РАДИОФРЕКВЕНЦИСКИТЕ ОПСЕЗИ 700 MHz, 1800 MHz И 3.x GHz

I

Најниската висина на еднократниот надоместок за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 700 MHz, 1800 MHz и 3.x GHz се утврдува на износ од:

| **700 MHz** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одобрение | Фреквенциски опсег | **Еднократен надоместок** | Подрачје | Радиокомуникациска служба |
| A1 | 703-713/758-768 MHz | **4.2 милиони евра** | Република Северна Македонија | Копнена мобилна |
| **1800 MHz** | | | | |
| Одобрение | Фреквенциски опсег | **Еднократен надоместок** | Подрачје | Радиокомуникациска служба |
| B1 | 1775-1785/1870-1880 MHz | **1.5 милиони евра** | Република Северна Македонија | Копнена мобилна |
| **3.x GHz** | | | | |
| Одобрение | Фреквенциски опсег | **Еднократен надоместок** | Подрачје | Радиокомуникациска служба |
| C1 | 3.5-3.6 GHz | **2.32 милиони евра** | Република Северна Македонија | Копнена мобилна |

II

Надоместокот од дел I на оваа одлука се плаќа еднократно на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија, во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата.

III

Оваа одлука ќе биде објавена на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации, по нејзиното влегување во сила.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а по претходно добиена согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр. 0805-1103/15
8 јули 2025 година
Скопје

Директор,
**Јетон Акику,** с.р